Врз основа на член 384,387 и 390 од Законот за Трговски друштва и член 44,46 и 47 од Статутот на Сигурносно Стакло АД Прилеп, Одборот на Директори при Сигурносно Стакло АД Прилеп, согласно одлуката за свикување на годишно собрание на акционери, бр. 02-27 од 27.02.2023год., објавува:

# П О В И К
## ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА СИГУРНОСНО СТАКЛО АД ПРИЛЕП
## ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ

Се известуваат сите акционери од Сигурносно Стакло АД Прилеп, дека годишното собрание на акционери ќе се одржи на ден 29.04.2023 година, со почеток во 15:30 часот, во просториите на Сигурносно Стакло АД Прилеп.

За седницата се предлага следниот:

ДНЕВЕН РЕД

ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:

- Отворање на седницата на собранието на акционери
- Избор на претседавач на седницата на собранието на акционери
- Избор на записничар за водење на записникот на собранието
- Избор на оверувачи на записникот
- Бројач на гласови

РАБОТЕН ДЕЛ:

1. Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансискиот и годишниот извештај за работењето на друштвото во работната 2022година
2. Донесување на одлука за одобрување на работата и водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на Директори во Сигурносно Стакло АД Прилеп
3. Донесување на одлука за распоред на добивката за тековната 2022 година, како и покривање на акумулираната загуба.
4. Донесување на одлука за засновање на заложно право-хипотека
5. Донесување на одлука за отуѓување - продажба на имот со право на користење на градежно земјиште, како и движен и недвижен имот сопственост на Сигурносно Стакло АД Прилеп.
6. Донесување одлука за назначување на лице за контакт со инвеститори
7. Донесување на одлука за овластување на ревизорска куќа за вршење на ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи во работната 2023 година

Секој акционер кој има право да учествува во работата и одлучувањето на собранието на акционери, должен е да го пријави своето учество на собранието ( да достави писмена пријава за учество на собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Секој акционер може сам или преку полномошник да учествува во работата и одлучувањето на собранието.

Полномошникот се овластува со писмено полномошно заверено кај нотар. Полномошното се издава само за едно собрание.

Собранието одлучува само за прашања кои се ставени на дневен ред.

Увид во материјалите може да се врши секој работен ден од 14:00 до 15:30 часот во просториите на Сигурносно Стакло АД Прилеп, од денот на објавување на Јавниот повик.

Собранието одлучува само за прашања кои се ставени на дневен ред.

Увид во материјалите може да се врши секој работен ден од 14:00 до 15:30 часот во просториите на Сигурносно Стакло АД Прилеп, од денот на објавување на Јавниот повик или на следниот линк: http://www.mse.mk/mk/issuer/sigurnosno-staklo-ad-prilep од денот на објавувањето на јавниот повик.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Дарко Китаноски